Врз основа член 37 став 3 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ „ бр. 92/07), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот на водење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа**

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот за водење на евиденција во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Член 2

Евиденцијата од член 1 од овој правилник се води рачно во посебна книга или во електронска форма.

Член 3

Работодавачот води евиденција согласно закон за :
а) стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа ,
б) извршени прегледи на средствата за работа,
в) спроведени испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во работните и помошните простории односно на работните места,
г) претходни и периодични здравствени прегледи на вработените,
д) професионални болести, заболувањата во врска со работата , повредите при работа и смртните случаи при работа.

Член 4

Во евиденцијата се внесуваат податоците за работодавачот, со адреса на седиште и на работните простории каде што се врши дејноста.

Член 5

При водење на евиденцијата за стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа се внесуваат следниве податоци :
- име и презиме на вработениот на кој е извршено последното стручно обучување и оспособување за безбедна работа;
- ден, месец и година на последното обучување ;
- колку пати претходно вработениот бил обучуван за безбедна работа;
- за кои области вработениот бил обучуван за безбедна работа ;
- кое правно или физичко лице со добиена дозвола ја вршеле обуката и
- дали обучувањето се вршело според изготвена програма за обука вклучувајќи теоретска и практична настава.

Член 6

При водење на евиденцијата за извршените прегледи на средствата за работа се внесуваат следниве податоци :

- производствено име на средството за работа ;
- име на производителот на средството за работа;
- година на производство ;
- ознака ,тип и сериски број на средството за работа ;
- ден месец и година на последниот преглед и испитување на средството за работа ;
- ден, месец и година за наредно прегледување и испитување на средството за работа;
- работна енергија за средството за работа ;
- кое правно или физичко лице со добиена дозвола ги извршило прегледите и испитувањата;
- ден, месец и година на извршена последна поправка или главен ремонт на средството за работа;
- утврдени рокови на производителот за периодичен преглед и испитување на средството за работа и
- наод и констатации од извршените прегледи и испитувања.

Член 7

При водење на евиденцијата за спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките штетности и на микроклимата во ртаботните и помошни простории односно на работните места ,се внесуваат следните податоци :

- име на работен простор, погон, работна единица и работно место каде што се вршени последни испитувања за физички штетности,хемиски штетности, биолошки штетности и микроклимата;
- име на работен простор, погон, работна единица и работно место, за наредно испитување на физички, хемиски , биолошки штетности и микроклимата ;
- кое правно или физичко лице со добиена дозвола ги извршила испитувањата и наод и констатации од извршените испитувања.

Член 8

При водење на евиденцијата за претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените се внесуваат следниве податоци:

- име и презиме на вработен на кој согласно пропис треба да се изврши претходен или периодичен здравствен преглед ;
- име и презиме на вработен на кој последен пат е извршен претходен или периодичен здравствен преглед ;
- ден ,месец и година за наредно извршување на претходен или периодичен здравствен преглед на вработен и
- наод и мислење на здравствена установа, односно здравствено лице за извршените претходни или периодични здравствени прегледи .

Член 9

При водење на евиденцијата за болести, заболувања во врска со работата, повредите при работа и за смртните случаи при работа,се внесуваат следниве податоци :

- име и презиме на повредениот вработен/ вработените ;
- датум и место на раѓање ;

- адреса на живеење;
- пол : машки / женски ;
- стручна квалификација ;
- вид на повреда : полесна-потешка, професионално заболување, смртен случај;
- стручно лице за безбедност при работа ;
- непосредно раководно лице на повредениот вработен ;
- работата што ја вршел вработениот во моментот на настанување на повредата ;
- колку работни часови работел вработениот во моментот на настанување на повредата ;
- дали вработениот порано претрпел и други повреди при работа ;
- повреден дел од телото ;
- дали повредата е со смртни последици ;
- дали повредата предизвикала отсекување на екстремитети од телото ;
- кога се случила повредата :

а. час, ден, месец и година ;
б. ден во неделата ;
в. време на денот ;
г. во која работна смена ;

- во кој погон , работна единица и работно место е настаната повредата;
- кој е извор на повредата ;
- кои се првични причини за повредата;
- дали на местото на настанување на повредата и порано се случувале повреди;
- дали повредата е колективна ;
- дали претходно биле превземени мерки за безбедност и здравје при работа и за време на настанување на повредата и
- дали вработениот/вработените претходно и во времето на настанување на повредата користеле наменска лична заштитна опрема .

Податоците наведени во член 5, 6, 7, 8 и 9 се внесуваат во три примероци.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

бр.07-11448/1 | Министер
7 ноември 2007 година | за труд и социјална политика
Скопје | Љупчо Мешков, с.р.